ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ

## ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ –РАЗМЕНА НА ДОКУМЕНТИ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ

Фондот за здравствено осигурување од самиот почеток на проектот за Едношалтерски систем на МИОА е активно вклучен во истиот и успешно ја спроведе реформата и ги оствари, односно оставрува целите на проектот:

1. Прво ја намали (намалува) потребната документација за донесување на решенија за оствpувaње на правата од здравствено осигурување, (т.н. административна гилотиња),
2. Во меѓувреме, меѓусебно електронски се поврзува со институциите,
3. Финално, овозможува олеснување на административните процедури за осигурениците, преку обезбедување по службена должност од други државни односно јавни институции на сите потребни податоци/документи.
4. **Како дополнување на проектот, ФЗОМ поради специфичноста на својата работа, направи проширување на административното олеснување и обезбедува документи по службена должност и од странство, и тоа од недржавни институции.**

***АДМИНИСТРАТИВНА ГИЛОТИЊА***



Во рамки на проектот, ФЗОМ спроведе **„административна гилотиња“** односно ја сведе на минимум потребната документација во прилог на барањата. Оваа мерка беше можно да се спроведе како резултат на електронското поврзување на ФЗОМ со своите сродни институции, и тоа ПИОМ, АВРМ и УЈП, со што сите податоци кои може да ги обезбеди директно од овие институции не ги бара повеќе од граѓаните**, ниту пак за тоа им наплаќа на истите**, бидејќи размената на податоците се врши на дневна основа по електронски пат, односно **без дополнителни трошоци за администрирање.**

**Со оваа мерка ФЗОМ успеа да намали дури 20 потребни документи во 11 обрасци на барања за донесување на решенија, односно од претходно потребни вкупно 54 документи, сега се потребни 34 (овој процес на ревизија на потребната документација ФЗОМ го продолжува).** Дел од документацијата која не е потребна е следнава: М1/М2 образец, НП-1-образец - потврда за просечно исплатена плата, платни списоци, договор за работа, декларации за поднесена пресметка на плата до УЈП, изводи од сметки за исплатена плата. Сепак постои документација која е сеуште задолжителна и неможе да се обезбеди електронски како што се: Отпусни писма од ЗУ, Извештај за спреченост на работа од избран лекар, лични изјави заверени на нотар и сл.

**Практично, Фондот го преполови бројот на документи што ги бара од граѓаните или институциите како придружни на барањата за остварување на права.**

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Колку за илустрација, за боледувања од претходно потребни **10** документи сега се бараат само **4 (или 3)**, а за породилно отсуство од **10** сега се бараат само **4, односно 2** (1 од нив се бара само за фирми со еден вработен, а 1 може да го обезбеди и ФЗОМ по службена должност).

***ДОКУМЕНТИ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ОД ИНСТИТУЦИИ СО КОИ ЗАСЕГА НЕ ПОСТОИ ЕЛЕКТРОНСКО ПОВРЗУВАЊЕ***

Во ФЗОМ постојат вкупно 19 типови на стандардизирани барања од кои за 14 се изготвуваат решенија согласно управна постапка.

**Новина во работењето на Фондот претставува обезбедување по службена должност на писмени документи од други државни институции со кои нема електорнско поврзување, без при тоа да го оптеретува граѓанинот.**

**Сега веќе за 10 барања за остварување на права ФЗОМ овозможува прибавување на сите документи по службена должност (и осигуреникот единствено што треба да поднесе е барање на шалтер за остварување на некое право), односно**

1. **во 2 барања обезбедуваме извод од матична книга на родени од управата за водење на матични евиденции**
2. **во 3 барања обезбедуваме документи од МТСП како што се решение за адаптација (посвојување), решение за категоризација на деца со посебни потреби, согласност за упатување на работници во странство (квоти),**
3. **во 3 барања обезбедуваме документи од странство (отпусни писма за лекување, фактури, профактури од странски болници и сл.)**
4. **во 2 барања по службена должност обезбедуваме наод, оценка и мислење од Лекарски комисии.**

За овие документи, кои Фондот ќе ги прибави по службена должност во име на граѓанинот, а се` уште се во писмен формат, односно не се пренесуваат до Фондот како електронски запис, останува граѓанинот да ја плати таксата пропишана од институцијата која го издава документот **(услугите на Фондот се бесплатни и за оваа дополнителна функција)** доколку истиот не е обезбеден од страна на граѓанинот.




**Преку оваа нова можност за ѓраѓаните Фондот годишно може да ја намали потребата од талкање по повеќе институции на минимум 40.000 баратели, односно на сите осигуреници кои имаат потреба да остварат некое право од областа на здравственото осигурување, а за тоа во минатото морале да одат и до други институции за да обезедат придружни документи.**

***ИДНИ ЧЕКОРИ***

ФЗОМ на својата веб страница ги истакна сите обрасци на барања и упатства за нивно пополнување, со можност за електронско пополнување. **Во наредниот период ФЗОМ ќе работи на овозможување и на електронско**

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**поднесување на истите што значи остварување на право без физичко присуство на осигуреникот на шалтер.**

Линкот на кој може да се преземат сите обрасци и електронски да се пополнат е следниот: http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=AFCEBD1C4148A34EA9769F757FF69E7F

ФЗОМ во соработка со МИОА и понатаму ќе работи на унапредување на остварувањето на правата на граѓаните и унапредување на услугите кои ги добиваат на шалтерите. Со размената на документите по службена должност се овозможува позадински процес кој е невидлив за граѓаните, а е во нивна корист и има за цел намалување на непотребни посети по различни шалтери. Размената на документи иако претставува дополнително оптеретување на самите институции, истовремено претставува и должност која мораме да ја спроведеме како нужен чекор кон конечно реформирање на системот и ставање на граѓаниниот во фокусот на институциите. Крајниот епилог од овие реформи кои се спроведуваат чекор по чекор во полза на граѓаните претставува вистински едношалтерски систем- универзален шалтер за сите права во рамките на институција, како и остварување на сите права по електронски пат – без физичко присуство на граѓанинот.

ГРАЃАНИНОТ НА ПРВО МЕСТО!